Врз основа на член 12 став (4) од Законот за финансиска поддршка на работодавачите погодени од здравствено-економската криза предизвикана од вирусот COVID-19, заради исплата на платите за месеците октомври, ноември и декември 2020 година („Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 267/20), министерот за финансии донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА БАРАЊЕТО ЗА ПРЕТВОРАЊЕ НА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ЗА ИСПЛАТА НА ПЛАТИ ВО ГРАНТ

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на барањето за претворање на финансиска поддршка за исплата на плати во грант.

Член 2

Барањето за претворање на финансиска поддршка за исплата на плати во грант се поднесува на образец „Б-ПФПГ” отпечатен на хартија во бела боја во А-4 формат. Формата и содржината на образецот на барањето од ставот 1 на овој член се дадени во Прилог кој е составен дел на овој правилник.

Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.